**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09–361/2
27.07.2020 година, Скопје

# ООУ„Григор Прличев“ Скопје

| | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 24, 25 и 27.02.2020 |
| **Број на извештај:** | 6 / 1 / 2020 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Хермина Николовска |
| **Вид на училиштето:** | основно |
| **Основач на училиштето:** | Општина Гази Баба |
| **Наставен јазик:** | Македонски наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 288 |
| **Полова структура на ученици:** | 146 машки и 142 женски |
| **Број на наставници:** | 31 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Фросина Димитровска |
| **Директор на училиштето:** | Драган Печевски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 28.02 и 01, 02 и 03.03. 2017 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул„Гимиџиска“ бр. 57 - Скопје |
| **Телефон:** | 02/ 5126 834 |
| **Факс:** | 02/ 5126 834 |
| **e-mail:** | oougrigorprlicev@gmail.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | добар 3.20 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015 и 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветната инспекција од 24 до 27 февруари 2020 година, тим од четворица државни просветни инспектори, спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Григор Прличев“ во Општина Гази Баба , Скопје.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим, со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоците за работата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Григор Прличев“ **е добра (3,20)[1].**

Наставните планови и програми се реализираат во пропишан обем, согласно програмските документи за деветгодишно основно образование изготвени од Биро за развој на образованието, а донесени од Министерот на Министерство за образование и наука. Училиштето ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Наставниците ги информираат родителите на учениците со посебни образовни потреби за постигањата, согласно Индивидуалните образовни планирања.

Во училиштето се реализира транспарентна процедура со која се дава можност учениците самостојно да вршат избор од 3 понудени изборни предмети, според нивните интереси и потреби.

Учениците се вклучени во воннаставните активности според сопствен избор. Во воннаставните активности, особено во секциите опфатени се скоро сите ученици, според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции кој ги детектираат наставниците. Групите најчесто се хетерогени. Учениците не се вклучени при планирањето на содржините за воннаставните активности. Во однос на тоа, при планирањето на содржините за воннаставните активности одлучувачки се препораките на наставниците.

Средниот успех во последните три учебни години изнесува 4,73. Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици можат да се подобрат. Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.

Во училиштето има 7 ученици со посебни образовни потреби, со мислење и категоризација од соодветна институција и за секој ученик изработен е Индивидуален образовен план, во чија изработка е вклучен родителот на ученикот.

Во училиштето, има пропишани приоди и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Наставниците редовно и навреме ги изготвуваат годишните и тематски планирања во согласност со наставните планови и програми изготвени од Биро за развој на образование, а донесени од Министерство за образование и наука.

Голем дел од наставниците изработуваат оперативни планирања за наставен час во кои најчесто планираат соодветни неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Во оперативните планирања за наставен час, наставниците планираат диференцирани цели и диференцирани активности, но голем дел од

---

1

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро

наставниците делумно ги применуваат диференцираните активности за учениците со посебни образовни потреби, кои поседуваат наод и мислење од соодветна институција и кои се во согласност со изготвените Индивидуални образовни планирања. Исто така наставниците планираат, но делумно применуваат диференцирани цели и активности за работа со ученици со потешкотии во учењето и диференцирани цели и активности за работа со талентирани ученици. Дневно оперативните планирања се усогласени со тематските планирања.

Голем дел од наставниците користат наставни форми и методи, кои соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Најголем дел од наставниците главно користат исти приоди за сите ученици, независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и најчесто поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности не е секогаш добро приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Голем дел од наставниците користат различни ресурси за учење и настава.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. При посета на часовите констатирано е дека голем дел од наставниците, наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и воглавно нивниот придонес се почитува. Во целост е застапена интеракцијата на релација наставник – ученик, а во помала мера е застапена интеракцијата на релација ученик – ученик.

Во училиштето се врши континуирано следење и оценување на учениците со примена на различни методи, начини и форми за оценување. Критериумот за оценување на постигањата на учениците е според стандардите за оценување со кои се запознаени учениците. Учениците со пречки во развојот се оценуваат согласно изготвениот Индивидуален образовен план. Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца.

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.

Училиштето има програма за професионална ориентација на учениците. Стручната служба и наставниците во училиштето се грижат за давање помош при изборот на институцијата за понатамошно образование.

Училиштето е препознатливо според квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ја негува родовата сензитивност, го поддржува учеството на учениците во училишниот живот, но не доволно го поттикнува мултикултурализмот.

Наставниот кадар е отворен за соработка со родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно – образовниот процес.

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има демократски формиран Ученички парламент и истиот има изготвена Програма за работа. Сите ученици се навремено информирани и учествуваат при решавање на проблеми и партиципираат со свои мислења и предлози при донесување на одлуки што се од нивен интерес. Членовите од Ученичкиот парламент се запознаени со улогата на ученички правобранител, имаат избрани 2 ученици, претрставници во Училиштен одбор и има добри примери на учество на членовите на седница на Училиштен одбор.

Училиштето се афирмира преку промовирање на личните постигања на учениците во и надвор од училиштето.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот. Во училиштето постојат пријатни просторни услови за одвивање на работата

на наставничкиот кадар и за организирање на воспитно - образовни активности за учениците. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците и училишните ходници, почитувајќи ги естетските норми.

Постапките за финансиско работење во училиштето се во рамките на законските норми и прописи. Финансиското работење на училиштето е контролирано од Училишниот одбор, а средствата со кои располага се трошат наменски.

Училишниот одбор на училиштето е составен од 7 членови. Членовите од редот на наставници, стручни сотработници и воспитувачи, се избрани по пат на тајно гласање, но членовите од редот на Совет на родители се избрани по пат на јавно гласање, што е спротивно на член 107 став 2 од Законот за основното образование. Така формираниот Училиштен одбор, работи согласно пропишаните надлежности, дефинирани со постојната законска регулатива. Работата на Училишниот одбор е транспарентна со отвореност за соработка со сите внатрешни и надворешни субјекти. Членовите на Училишниот одбор запознаени се со сите прашања во врска со воспитно - образовната работа, постигањата на учениците, програмата за развој на училиштето, самоевалуацијата, реализацијата на активностите како и за управувањето со финансиите во училиштето. Соработката со директорот е партнерска.

Фокусот на работењето на директорот е подобрување на наставата, обезбедување на современи нагледни сретства, мотивирање на наствниците за професионален развој и усовршување, мотивирање на учениците за активно учество на натпревари и проекти и афирмирање на училиштето и постигањата на учениците.

За учебната 2019/2020 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа со дел.бр. 01-63/1 од 14.08.2019 година и истата е усвоена од Училиштен одбор со Одлука со дел.бр. 02-8/51 од 14.08.2019 година и од Совет на Општина Гази Баба со Одлука за усвојување со дел.бр.09-3336/27 од 30.08.2019 година. Училиштето работи согласно Годишната програма за работа и Статут на училиштето, со дел.бр.01-87/1 од 11.12.2019 година.

Училиштето има изготвено Самоевалуација со дел.бр.01-57/1 од 28.06.2019 година, за периот од 2018 до 2019 година, а усвоена со Одлука на Училиштен одбор со дел.бр. 02-8/44 од 03.07.2019 година.

Училиштето има изготвено Програма за развој на училиштето, за период од 2019 до 2023 година, со дел.бр.01-62/1 од 26.07.2019 година, усвоена од Училиштен одбор со Одлука со дел.бр.02-8/52 од 14.08.2019 година.

Училиштето со Одлука, донесена од директорот на училиштето со дел.бр.08-9/25-1 од 30.08.2019 година, има формирано Инклузивен тим, составен од седум членови и истиот е формиран согласно член 16 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Македонија бр.161/2019 година). Инклузивниот тим соработува со родителите на децата и истите ги вклучува при изработката на Индивидуалните образовни програми.

Училиштето има регистрирано Училиштен спортски клуб ГРИГОР ПРЛИЧЕВ 2014 Скопје, регистриран во Централен регистар на Република Северна Македонија, со Решение со дел.бр.30120140036165 од 01.12.2014 година.